15.01.2009, 16:23

# ДЕРВИШОТ И КОЊОТ МОРА ДА СЕ ВО ФУНКЦИЈА



**Сликарот Невзат Бејтули-Кица една деценија ја преточува фасцинацијата од „Дервишот и смртта“**

**Катерина Богоева**

Распослани на актуелната самостојна изложба во Културно - информативниот центар, делата на Невзат Бејтули - Кица ја потврдуваат моќта на неговиот бележит ликовен и тематски израз, во чие средиште повторно се човекот и коњот. Нивната симбиоза, во најновите дела како да ги надминала сопствените невидливи граници и отворила нови, пошироки хоризонти за што се доказ не само големите формати, туку и новите елементи, содржани во ликовите, формите, во бојата...

„Човек и коњ“ или „Човек и неговиот коњ“ е темата на која авторот работи скоро една деценија. Во оваа прилика, делата ги опишува како резултат на долготраен процес од кој се здобил со нешто ново. „Нормално е секој сериозен сликар кога добива чувство дека тапка во место или се повторува, да почне да бара нови правци и варијации на иста тема, доколку е иста како мотив. Сликите на изложбата не се резултат на некоја коренита промена во мојата работа (иако некому така можеби и му делуваат), бидејќи од 2003 година не сум се претставил во Скопје или некаде друго место со ваква комплексна работа. Новина во моето творештво е што избегав од класичниот пристап кон реализација на идејата, а експресивноста укажува на самоодење и не е гестикулативна, туку точно пресметана. Самата игра како игра, во многу случаи при создавањето на сликите се водеше сама, а таквата слобода многу и помага на креацијата. Треба да се води повеќе сметка за поетските, отколку за прагматичните нешта што ја создаваат ликовната целина. Во поетиката на моето сликарство се обидувам да не излегувам од просторот кој ме опкружува. Балканската котрадикторност, правците исток - запад што перманентно се присутни во сите временски периоди, сами од себе си дозволуваат да се впуштиме во духовната игра на еден специфичен свет. Всушност, во делата не се работи за бектешка

Електронско издание




ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ

- СДСМ ГИ ПОДГОТВИ ИЗМЕНИТЕ ЗА УКИНУВАЊЕ НА БОЛНИЧКАТА ПАРТИЦИПАЦИЈА
- ИВАНОВ: СО ЈОРДАН ПОСТИГНАВМЕ НАПРЕДОК ВО СФЕРАТА НА РАЗУЗНАВАЊЕ И РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ
- ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ ПАК КАМПУВААТ ЗА ДА БИДАТ ВИДЕНИ И СЛУШНАТИ
- СТУДЕНТИТЕ "ФИСКУЛТУРЦИ" НАЈУСПЕШНИ НА СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ НА УКИМ

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

17° СКОПЈЕ ВРЕМЕ

Претежно облачно

| НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 21 | 21 | 22 | 21 | 21 |
| ПЕТ | САБ | НЕД | ПОН | ВТО |
| 19 | 21 | 22 | 24 | 26 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ

- Фенербахче и Олимпијакос ќе се борат за европската шампионска титула
- Суспендирани 15 вработени во МВР за инцидентите во Собранието
- Малиот Павел се пробуди од вештачката кома

заедница, туку директно само за дервишот како мал дел од тој дисциплиниран свет. Што е целта? Дервишот е смирен, сталожен и прагматичен, додека коњот е нешто неодвоиво од неговиот живот, кој со својот инстикт перманентно го опоменува. Тие се секогаш заедно и еден без друг тешко функционираат. Тоа нема врска со композицијата, бидејќи таа може да се направи и со други елементи. Тие двајца мораат да бидат во функција, инаку се пропаѓа" - вели сликарот, кој фасцинацијата од дервишот, директно ја поврзува со босанскиот писател Мехмед Селимовиќ и романот „Дервишот и смртта". „Во таа книга мене ми е доволен само еден фрагмент посветен на Адемовите синови, за да ја разберам балканската ситуација или поконкретно „босанската касапница". Можеби ми недостасува потег од меч, како дел од оваа филозофија, како средство што грантира правда.Времето во кое живееме е многу тешко и му оди во прилог на поддржувањето на злото со сите компоненти. Но, тука е и вербата во човекот и во Бога. Токму затоа не можам, а да не го споменам светецот Нуха кој вели: „Боже одвои не мене и нив, и суди ни". Не смееме да дозволиме нештата да се заборават, во тоа е целата приказна! За мене дервишот е израз на најголема дисциплина, најдобриот трезор на времето".



На Бејтули Кица ова му е трета самостојна изложба во Скопје, што ќе остане запаметена не само по впечатливите платна во големи димензии, туку и по новата линија што ја доби темата од неговиот циклус. „Неопходна е голема, претходна концентрација за да се играме со големото платно. Постојат невидливи детали што се многу битни за да биде процесот успешен" - вели тој, запрашан за спецификата при работа на платна во големи димензии. Смета дека во тој процес, кај експресивните сликари голема улога игра нивниот внатрешен свет, „тензија која врие некаде во потсвеста". „И кога се става во функција, секогаш резултатот е очекуван или посакуван.Во суштина, вредноста на делата не е во големината, туку во внатрешниот капацитет, во светот кој треба да го ставите во потребната функција".

Како професор на Државниот факултет за ликовни уметности во Тетово, но и како дел од уметниците што работат на заживување на ликовната сцена во градот, позитивно ги отценува минатогодишните случувања на ова поле и покажаниот интерес од граѓаните. „Морам да признам дека Тетово има зголемен интерес за ликовната култура и дека поседува перманентна ликовна публика која ги прати случувањата.Големо влијание има постоењето на Ликовната академија, со што се зголемува бројот на „производителите и потрошувачите". Здружението на ликовните уметници во градот брои 43 квалитетни уметници кои се наметнаа со своја вредност во државава и надвор од неа. Министерството за култура со поддршка на проекти многу ни помогна во последниве години во развивање на нашите активности. Годинава ќе им докажеме дека парите не се залудно потрошени и ќе побараме во некои презентации перманентно да бидат присутни луѓе одговорни за ликовната култура, а и самата министерка Елизабета Камческа - Милевска".

Оптимистички најавува дека во април ќе почне и да се реализира идејата за отворање на куќа на уметноста на падините на Попова Шапка. „Минатата година се здобивме со парцела од 1000 метри квадратни како подарок од таткото и синот Сефер и Ѓемшит Дехари, кои први во градот посегнаа да му помогнат на Здружението. Бидејќи местото е атрактивно, се наоѓа на пат кон Попова Шапка, сигурни сме дека ќе придонесеме и кон развој на туризмот во тетовскиот крај. Би требало во април да биде поставен камен темелникот, со резервирани неколку лопати за нашите донатори. Моментално е во тек подготовката на конкурс за идејно решение, а во преговори сме и со градските структури околу комуналните решенија.

Статијата е прочитана 1529 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Deutsche Welle
Пипа кажа „Да"
Моја Европа: Германско - полско помирување 2.0
Германија: Еден милион слободни работни места